РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Бр. 07-33/5
09. 11 2021 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за Еразмус + КА1 мобилност на студентите – питомците од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, во академската година 2021/2022*

**Огласот е објавен на ден: 12.11.2021 година**
**Огласот трае: 8 (осум) дена започнувајќи од 12.11.2021 година**

Во рамките на Еразмус+ програмата – клучни активности 1 (МК Skopje 20) и аплокацијата број 2020-1-МК01-КА103-077592/001, Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ во Скопје, на ден 12.11.2021 година го објавува ОГЛАСОТ за доделување на финансиски средства на студентите за мобилност со цел престој во странство согласно програмата КА1 – клучна активност 1 во делот за „студентска мобилност“ во програмата 2021/2022 за периодот најрано од 15.02.2022 година до најдоцна 20.07.2022 година, односно за летниот семестар во академската 2021-2022 година. Како и за реализација на пракса во периодот најрано од 01.07.2022 година до 30.09.2022 година.

Целта на престојот во странство е студентска мобилност и пракса.

Основната цел на Еразмус+ студиската мобилност е стекнување на практични знаења од областа на студиите, како и осознавање на работата на други универзитети, воени академии и високошколски установи во Европската унија, стекнување на нови знаења, размена на контакти и поврзување со студентите од други универзитети.

На огласот можат да се пријават сите студенти и питомци на Воената академија од втора, трета и четврта година на прв циклус студии кои студираат во академската 2021-2022 година.

-Временски период за реализација на мобилностите за студенти: **од 15.02.2022 до 20.07.2022 година**
-Временски период за реализација на мобилностите - праксите за студенти: **од 01.07.2022 до 30.09.2022 година**
-Временски период за реализација на целосните мобилности по основ на КА1 програмата: **01.06.2020 година до 30.09.2022 година**

Мобилноста со цел остварување на студентски мобилности и размена возможно е да се реализира во Норвешка, на Воената академија и праксата во Република Хрватска на Универзитетот Јосип Јурај Штросмајер (во Дирекцијата за заштита и спасување при МВР на РХ) Осијаек, или вкупно – 2 (две) места за мобилност и 3 (три) места за пракса.

Предуслов за реализацијата на мобилностите и праксата за студенти е склучен договор со наведената високошколска установа во која питомците (студентите) ќе ја реализираат мобилноста.

-Должината на извршувањето на студентската мобилност е најмалку 2 месеци, а најмногу 5 месеци, додека должината на праксата е најмалку 1 месец, а најмногу 3 месеци.

-Износот на финансиските средства за поддршка на питомците-студентите кои ќе одат на реализација на студентската мобилност или пракса зависи од предвидените средства за државата во која одат на мобилност или пракса и времетраењето на мобилноста, а питомците-студентите ќе го наведат во Прашалникот за пријавување на студенти-питомци.

-Документот **Пријавен образец за питомци-студенти** за пријава по огласот е *задолжителен дел од Огласот.*

**Пријавата за мобилност (стручна пракса) на студентите-питомците треба да содржи:**
1.Пополнет Пријавен образец (може да се симне од страната на Воената академија)
2.Копија од државјанство
3.Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
4.Препис од оценките за положени испити од моменталниот циклус на студии
5.Копија од важечка патна исправа (пасош)

**Рок за пријава:**

**22.11.2021 година**

Пријавните обрасци и со нив во прилог бараните документи да се доставaт преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Еразмус+ канцеларија на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје

На личност на Вонреден професор д-р Оливер Андонов или м-р Елена Трајановска, за Еразмус+ КА1 Оглас со рок 22.11.2021 година

-Напомена: Неисправно пополнетите пријавни обрасци, непотпишаните пријави и пријавите со непотполна документација, како и оние доставено по завршувањето на рокот нема да бидат земени во пред вид за разгледување и ќе се сметаат за неважечки.

Обрасци за спроведување на мобилноста:

-Learning Agreement for Studies (Договор за учење со цел студирање)

-Консултации за студентите и питомците секој вторник од 09.00 до 10.30 часот во канцеларијата на Еразмус координаторот вонреден проф.д-р Оливер Андонов или кај заменик координаторот м-р Елена Трајановска.

Еразмус + канцеларија

Воена Академија

„Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје